**ЗАПИСНИК**
**од 08-та седница на Агенцијата за аудио**
**и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 23.02.2016 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата:** Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик на претседателот на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Селвер Ајдини, м-р Методија Јанчески, Лазар Трајчев.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата:** Зоран Фиданоски

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручна служба:** д-р Андриана Скерлев Чакар, Горан Радуновиќ, м-р Ивона Муфушева Алексоска, Билјана П. Парлеева, Маја Дамевска, м-р Ивана Стојановска, Илија Витков.

**Други присутни:** Дејан Георгиевски од ЦРМ.

Г-дин Петрушевски ја отвори 08-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 14.00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Г-дин Петрушевски, најави дека г-дин Фиданоски е отсутен од седницата, поради студиски престој во Велика Британија и се очекува следната недела да се врати.

Советот на Агенцијата, едногласно, со 6 гласа „за", го усвои следниот:

## Д Н Е В Е Н   Р Е Д

1. Усвојување на Предлог-записник од 07-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.02.2016 година.
2. Предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозволи за телевизиско и радио емитување.
3. Предлози за покренување на постапки за одземање на дозволи за телевизиско и радио емитување.
4. Предлог-план за дополнување на Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.
5. Предлог-одлука за спроведување на постапка за јавна набавка: Набавка на кабли и електрична опрема.
6. Предлог-одлука за спроведување на постапка за јавна набавка: Пијалаци и потреби за кујна.
7. Предлог-одлука за спроведување на постапка за јавна набавка: Канцелариски материјали.
8. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и едногласно го усвои Записникот од 07-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 16.02.2016 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски, објасни дека под точката бр.2 од Дневниот ред, ќе се разгледуваат 10 предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозвола за телевизиско и радио емитување.

Г-дин Трајчевски, даде генерално образложение за сите поднесени 10 предлози. Објасни дека 10-те радиодифузери, за кои претходно се покрена постапка за одземање на дозволата, во целост го платиле износот за годишниот надоместок, наведен во издадената фактура.

Г-дин Петрушевски, праша дали за преостанатите 16 радиодифузери, за кои на минатата седница се покрена постапка за одземање на дозволата, се уште има временски простор да го платат надоместокот?

Г-дин Трајчевски, одговори дека последниот рок за да се плати надоместокот истекува во понеделник, следната недела.

Г-дин Ајдини, даде забелешка. Посочи дека во точка бр.2, потточка 2.9 стои дека ТРД РАДИО ВАТ ДОО е од Тетово, а треба да стои Скопје. Предложи техничката грешка да се коригира.

Г-дин Петрушевски, рече дека не е многу задоволен со бројот на радиодифузери кои платиле, но бидејќи преостануваат уште неколку дена до истекот на крајниот рок, се надева дека тој процент ќе се зголеми.

Г-дин Трајчевски, објасни дека од 26-те покренати постапки за одземање на дозволи, 40% од радиодифузерите комплетно го платиле годишниот надоместок, од нив има радиодифузери кои делумно уплатиле како на пример ТРД ЦЕЗ ФМ и од останатите има најава дека ќе извршат целосна уплата до рокот што е утврден во Законот. Сепак рече, останати се оние радиодифузери кои секоја година плаќаат во последен момент.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-70 од 22.02.2016 година и едногласно донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радио дифузно друштво ТЕЛЕВИЗИЈА КАНАЛ 8 ДООЕЛ Кочани, бр.08-45 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 117,654.00 (стоседумнаесетилјадиишестотинипедесетичетири) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-56 од 22.02.2016 година и едногласно донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското друштво за радиодифузија РАДИО УСКАНА-ПЛУС увоз-извоз ДООЕЛ Кичево, бр.08-105 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 17,997.00

(седумнаесетилјадиидеветстотинидеведесетиседум) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-71 од 22.02.2016 година и едногласно донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво Телевизија КАНАЛ 21 ДООЕЛ Велес, бр.08-49 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 114,291.00 (сточетиринаесетилјадидвестедеведесетиеден) денар, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-65 од 22.02.2016 година и едногласно донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радиодифузија ИНТЕЛ ДОО Струмица, бр.08-48 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 153,396.00 (стопедесетитриилјадиитристадеведесетишест) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-60 од 22.02.2016 година и едногласно донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО РЕД ФМ ДООЕЛ Тетово, бр.08-133 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 38,094.00 (триесетиосумилјадиидеведесетичетири) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-66 од 22.02.2016 година и едногласно донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ-АНИСА ДООЕЛ с.Пласница, Пласница бр.08-59 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 64,696.00 (шеесетичетириилјадиишестотинидеведесетишест) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-43 од 22.02.2016 година и едногласно донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Радиодифузното трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-10 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 2,440,277.00 (двамилионачетиристотиниичетириесет-илјадиидвестеседумдесетиседум) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-59 од 22.02.2016 година и едногласно донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО КИСС ДООЕЛ Тетово, бр.08-130 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 38,094.00 (триесетиосумилјадиидеведесетичетири) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-73 од 22.02.2016 година и едногласно донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ВАТ ДОО Скопје, бр.08-69 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 213,120.00 (двестеитринаесетилјадиистоидваесет) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-74 од 23.02.2016 година и едногласно донесе заклучок за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво СТРЕЕТ ФМ ДОО Скопје, бр.08-78 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата на долгот во износ од 223,953.00 (двестедваесетитриилјадиидеветстотинипедесетитри) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот заклучок да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Г-дин Петрушевски, објасни дека под оваа точка ќе се разгледаат два предлога за покренување на постапки за одземање на дозвола за телевизиско и радио емитување.

Г-дин Трајчевски, објасни дека се покренуваат постапки за Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје и Трговско радиодифузно друштво

РФМ ДООЕЛ Скопје. Информира дека се остварила средба со претставници од ТВ Шутел и тие ветиле дека до дополнителниот краен рок ќе го платат надоместокот, бидејќи имале обезбедено средства од една ромска меѓународна фондација која ќе изврши трансфер на средствата, додека со другиот субјект немале комуникација за да има сознание дали и кога ќе ја изврши уплатата.

Г-дин Петрушевски, рече дека доколку продолжи сегашната политичката состојба, да се одложуваат предвремените парламентарни избори, таа состојба ќе влијае на медиумите, бидејќи голем дел од нивните приходи се од реклами кои се финансирани од Буџетот на Република Македонија, а сега тоа е забрането, а ќе биде забрането се додека не завршат изборите, без разлика дали тоа ќе биде за два месеци, четири или за една година.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-97 од 22.02.2016 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр. 08-18 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-978/1 од 17.02.2016 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското друштво за радио-дифузна дејност ТВ ШУТЕЛ ДООЕЛ Скопје, бр. 08-18 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-98 од 22.02.2016 година и едногласно покрена постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, бр. 08-75 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14 и 132/14 година), со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за радио емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-1057/1 од 22.02.2016 година.

Доколку горенаведениот радиодифузер не го плати годишниот надоместок за дозволата, согласно Фактурата издадена од Агенцијата, Советот на Агенцијата во рок од 15 (петнаесет) дена од денот на приемот на Предлогот за покренување постапка за одземање на дозволата, ќе донесе Одлука за одземање на дозволата за радио емитување на Трговско радиодифузно друштво РФМ ДООЕЛ Скопје, бр. 08-75 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5, а согласно со член 82 став 1 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Г-дин Петрушевски, на крајот изрази надеж дека радиодифузерите ќе најдат финансиски средства и ќе го платата надоместокот во целост. Појасни дека согласно Законот, тие средствата треба да ги уплатат во дополнителниот рок од 15 дена и дека не може тој рок повторно да се пролонгира.

**Точка 4**

Раководителката на одделението за нормативно-правни работи, м-р Ивона Муфишева Алексоска, го образложи предложениот План за дополнување на Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Објасни дека Советот на Агенцијата, на 4-та седница одржана на 29.01.2016 година, го усвои во нацрт верзија и истиот Агенцијата го објави на веб страна со цел да обезбеди јавна расправа и да овозможи сите заинтересирани страни да ги изразат своите мислења, гледишта и ставови, во рок од 7 (седум) дена од денот на објавувањето, односно најдоцна до 04.02.2016 година. Заклучно со 04.02.2016 година, до Агенцијата не беше доставена ниту една забелешка. Добиено е Мислење на Дирекцијата за заштита на лични податоци, согласно кое правилникот по својата содржина е во согласност со постојните законски прописи за заштита на личните податоци.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-1060/1 од 22.02.2016 година и едногласно донесе План за дополнување на Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, бр.01-6591/1 од 27.12.2014 година, со текст како што беше предложен.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи да изработи пречистен текст на Планот за создавање систем на технички и организациски мерки за обезбедување тајност и заштита на обработката на личните податоци во Агенцијата.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот план да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, горенаведениот план да го објави на огласната табла на Агенцијата.

**Точка 5**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Билјана П. Парлеева, ја образложи Предлог-одлуката за спроведување на постапка за јавна набавка: Набавка на кабли и електрична опрема.

Г-дин Петрушевски, објасни дека по едукација е електроинженер и во таа насока се изјасни дека набавката е неопходна за безбедност и заштитата на опремата која чини околу 830.000 евра. Информира дека износот на набавката е 148,000.00 денари и дека ќе ја поддржи.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1063/3 од 22.02.2016 година и едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Набавка на кабли и електрична опрема.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка - стока: Набавка на кабли и електрична опрема, е предвидена и е во согласност со Планот бр.05-706/1 од 05.02.2016 година за Изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки за 2016 година, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година.

**Точка 6**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Билјана П. Парлеева, ја образложи Предлог-одлуката за спроведување на постапка за јавна набавка: Пијалаци и потреби за кујна.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1066/3 од 22.02.2016 година и едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Пијалаци и потреби за кујна.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка - стока: Пијалаци и потреби за кујна, е предвидено и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки за 2016 година, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година и Планот бр.05-706/1 од 05.02.2016 година за Изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2016 година, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година.

**Точка 7**

Раководителката на одделението за јавни набавки и општи работи, Билјана П. Парлеева, ја образложи Предлог-одлуката за спроведување на постапка за јавна набавка: Канцелариски материјали.

Советот на Агенцијата го усвои предлогот на директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1064/3 од 22.02.2016 година и едногласно даде одобрување за спроведување на постапка за јавна набавка - стока: Канцелариски материјали.

Спроведувањето на постапката за јавна набавка-стока: Канцелариски материјали, е предвидена и е во согласност со Годишниот план за јавни набавки во 2016 година, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 година и Планот бр.05-706/1 од 05.02.2016 година за Изменување и дополнување на Годишниот план за јавни набавки во 2016 година, бр.05-7139/1 од 25.12.2015 на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, а средствата се обезбедени со Финансискиот план на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги за 2016-та година.

**Точка 8**

Разно.

Советот на Агенцијата го разгледа Барањето за одобрување на надминато дозволено ограничување на сметка за службен мобилен телефон.

Г-дин Трајчевски, објасни дека во месец јануари 2016 година, кога користел дел од годишниот одмор, во Агенцијата се спроведувала изработка на тендерска документација за транспорт на сигнал. Во тој период, за таа цел, имал интензивна комуникација со

претседателот на Советот, Лазо Петрушевски, со раководителката на Секторот за програмски работи, м-р Емилија Јаневска, со раководителот на одделението за информатичка поддршка и технологии, Арѓенд Џелили, раководителката на Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, м-р Драгица Љубевска, помошник раководителот на истиот Сектор, д-р Ирена Бојаџиевска и два разговори со членот на Советот, м-р Алма Машовиќ. Тоа е евидентно од листингот што е доставен во прилог на Барањето, дека тие разговори се направени токму во тој период, кога престојувал надвор од Република Македонија.

Советот на Агенцијата го усвои Барањето од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.05-1033/1 од 18.02.2016 година и едногласно донесе Одлука со која се одобрува надминатото дозволено ограничување на висината на сметката за месец јануари 2016 година, заради извршување на службени обврски и работни задачи на д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, во износ од 6.482,20 денари (основица 5,493.39 без ДДВ и 988.81 денари ДДВ) за реализиран сообраќај во странство.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената одлука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

- Советот на Агенцијата, го разгледа Предлог-правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г и УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-4045/1 од 16.06.2015.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, објасни дека со Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата, уреден е начинот и условите на користењето на службен мобилен телефон и 3Г УСБ модем, со кој се опфатени: правото на користење на службен мобилен телефон и 3Г УСБ модем, ограничување на износот на сметките и други прашања поврзани со користењето на службен мобилен телефон и 3Г УСБ модем. Согласно членот 2 во Правилникот, надминувањето на дозволените ограничувања на висината на сметките, кога е тоа поврзано со извршување на службени обврски и работни задачи, како и по исклучок, согласно условите пропишани во него, се одобрува со решение од страна на директорот на Агенцијата. Заради уредување на одобрувањето на надминување на дозволените ограничувања на висината на сметките на директорот на Агенцијата, кога е тоа поврзано со извршување на службени обврски и работни задачи, како и по исклучок, согласно условите пропишани во Правилникот, се јави потреба за изменување и дополнување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата и за таа цел, се изработи Предлог – Правилник, во кој се содржани следните измени и дополнувања на предметниот Правилник, и тоа:

- во ставот (4), точката на крајот од ставот се заменува со запирка, по која се додаваат зборовите: „а за директорот на Агенцијата се одобрува со решение од страна на претседателот на Советот на Агенцијата.“,
- во ставот (5), точката на крајот од ставот се заменува со запирка, по која се додаваат зборовите: „а за директорот на Агенцијата се одобрува со решение од страна на претседателот на Советот на Агенцијата.“, и
- во ставот (6), точката на крајот од ставот се заменува со запирка, по која се додаваат зборовите: „а за директорот на Агенцијата врз основа на решение од страна на претседателот на Советот на Агенцијата.“

Г-дин Трајчев, рече дека во иднина треба да се внимава кога се даваат предлози за измена на правилниците, да се регулираат сите работи кога се проверуваат материјалите од Секторот за правни работи. Објасни дека сега имаше грешка со Тетово место Скопје, минатата седница имаше ставено општина Лабуниште која не постои. Од тука, во материјалите произлегуваат ситуации, а тие претходно се исфилтрирани. Во таа насока замоли материјалите да се контролираат малку подобро за да нема вакви ситуации, Советот да гласа за нешто што смета дека нешто е веќе поминато, а тоа се технички детали, каде има правилник во кој нема регулирано механизам за ситуација која што е веројатно да настане, а во истиот тој правилник за другите случаи е предвидено.

Раководителката на Секторот за правни и економско-финансиски работи, д-р Андриана Скерлев Чакар, во врска со општината Лабуниште, објасни дека не била настаната грешка од страна на Секторот за правни работи, затоа што токму со тој назив субјектот бил и се уште е регистриран во Централен регистар. Во однос на втората забелешка, називот на ТРД РАДИО ВАТ ДОО Скопје, е точно даден од Секторот за правни работи, што може да се констатира и од материјалите кои се изработени по точката. Објасни дека при формулирање на Дневниот ред е направена грешка од надлежниот Сектор.

Г-дин Трајчев, рече дека како членови на Совет гласаат на доставени материјали, и апелираше во иднина да нема грешки и подобро да се внимава.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.01-1071/1 од 22.02.2016 година и со пет гласа „за" и еден воздржан глас од г-дин Фетаи, донесе Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги (Пречистен текст) бр.01-4045/1 од 16.06.2015 година, со текст како што беше предложен.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи да изработи пречистен текст на Правилникот за користење на службени мобилни телефони и 3Г УСБ модем во Агенцијата.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведениот правилник да го објави на веб страницата на Агенцијата.

Се задолжи Секторот за информатичка поддршка и општи работи, горенаведениот правилник да го објави на огласната табла на Агенцијата.

Подготвил: м-р Ружица Бошкоска Јотевска
Контролирал: Маја Дамевска

Согласен: м-р Драгица Љубевска

Бр.02-1054/20
26.02.2016 година
С к о п ј е

**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**